АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
AGJENCIA E PUNËSIMIT E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 05-3047/2
05 -09- 2019 20 год.viti
Скопје-Shkup

Друштво за комуникациски услуги
А1 Македонија ДООЕЛ Скопје
Бр. 08-1211
05 -09- 2019
Скопје

Врз основа на член 112 став 4 од Законот за јавните набавки (Службен весник на РМ бр.24/19) и Одлуката за избор на најповолна понуда од 01.08.2019 година, на ден 05.09.2019 година се склучува

**ДОГОВОР**
**за јавна набавка на услуги**

## I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. **АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**, со седиште на ул.Васил Ѓоргов бр.43 - Скопје, застапувана од Директорот Билјана Јовановска (во понатамошниот текст: Договорен орган) од една страна,
   и
2. **Друштво за комуникациски услуги А1 МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје** (претходно: Друштво за комуникациски услуги ОНЕ.ВИП ДООЕЛ Скопје), со седиште на Плоштад Пресвета Богородица бр.1 - Скопје, застапувано од Директорот за деловна продажба Ренато Дивјак (во натамошниот текст: Носител на набавката) од друга страна

## II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој Договор е набавка на телефонски услуги на фиксна локација за потребите на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија согласно техничките спецификации содржани во тендерската документација за поедноставена отворена постапка по оглас бр.03043/2019.

Со овој договор носителот на набавката му овозможува на договорниот орган пристап на јавната комуникациска мрежа и користење на јавната Фиксна телефонија дефинирани во тендерската документација од договорниот орган, согласно поднесената понуда дадена во прилозите на овој договор.

Со овој договор се регулираат меѓусебните права и обврски на носителот на набавката и договорниот орган, како договорни страни во согласност со: Законот за електронските комуникации и правилниците, прописите и стандардите донесени во согласност со Законот за електронските комуникации.

Член 2

Услугите, основните и дополнителни услуги кои се предмет на овој договор како и цената се дефинирани во прилозите на овој договор и се негов составен дел.

Измена на одредена услуга се врши со взаемно потпишување на Анекс кон договорот, со кој се регулира измената, доколку се исполнети условите согласно член 119 од Законот за јавните набавки.

Измената на адресата односно седиштето или друг битен елемент со кој се одредува идентификацијата на договорниот орган како субјект во правниот промет треба задолжително да биде пријавена кај носителот на набавката во рок од 15 дена од настанувањето на измената.

На барањата на Договорниот орган за вклучување или исклучување на дополнителни услуги, носителот на набавката има обврска да постапи најдоцна еден ден по поднесувањето на барањето.

### III. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Јазик на Договорот и на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е Македонскиот јазик.

### IV. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 4

Тарифните модели и вкупната цена се наведени во понудата на Носителот на набавката од 26.06.2019 година (во хартиена форма од 03.09.2019 година), која е составен дел на овој Договор (Прилог 1) и тоа:

**Пакет 1: Тарифен модел со месечна претплата од 700 денари без вклучен ДДВ за телефонска линија со еден говорен канал**

**Пакет 2: Тарифен модел со месечна претплата од 700 денари без вклучен ДДВ за телефонска линија со два говорни канали**

Детален приказ на вкупната цена:

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| Ред. Бр. | Опис | Единица мерка | Единечна цена без ДДВ | ДДВ |
| 1 | Минута разговор во сопствената фиксна мрежа на операторот, по надминување на вклучените бесплатни, за линиите од Пакет 1 | минута | 0,01 | 0,0018 |
| 2 | Минута разговор во сопствената фиксна мрежа на операторот, по надминување на вклучените бесплатни, за линиите од Пакет 2 | минута | 0,00 | 0,00 |
| Вкупна цена без ДДВ 0,01<br>Со зборови: нула запирка нула еден денар | | | | |

Вкупната вредност на овој договор за 24 месеци ќе се утврди врз основа на стварно извршени услуги, но истиот нема да изнесува повеќе од **1.500.000,00 денари**, без вклучен ДДВ.

Член 5

Сите трошоци за услугата преносливост на броеви во мрежата на носителот на набавката согласно овој Договор, се вклучени во понудените цени.

Член 6

Доколку е потребно за користење на услугите за фиксна телефонија, Носителот на набавката ќе му даде опрема на Договорниот орган на користење додека трае обезбедувањето на услугата, без надоместок.

Договорниот орган се обврзува да се однесува како добар домаќин кон опремата која е дадена на користење.
Доколку настане штета, кражба или уништување на опремата освен во случај на виша сила, Договорниот орган е должен да ја надомести целата вредност на опремата,
Доколку се утврди дека опремата е расипана без вина на Договорниот орган, истиот не смее да ја отвара или поправа истата, туку за истото треба да го извести Носителот на набавката и да му ја достави на Носителот на набавката според соодветната процедура на Носителот на набавката.
По истекот на времетраењето на овој Договор согласно член 11 или во случај на раскинување на договорот, Договорниот орган се обврзува да ја врати опремата која му била дадена за користење на услуга за фиксна телефонија,во рок од 30 дена, во спротивно истата ќе се наплати согласно официјалниот Ценовник на Носителот на набавка.

## V. РАЗЛИКИ ВО ЦЕНА

Член 7

Цената искажана во понудата на Носителот на набавката е фиксна и не е предмет на било какви прилагодувања за време на извршувањето на Договорот.

## VI. НАЧИН И РОК НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГАТА

Член 8

Носителот на набавката е должен во задолжителното времетраење на договорната обврска од 24 месеци да обезбеди телефонски услуги на фиксна локација, на начин и со квалитет согласно Општите Услови за пристап и користење на јавни електронски комуникациски услуги објавени од негова страна, применливите законски одредби од оваа област и во согласност со барањата содржани во техничките спецификации.

Член 9

Претплатничкиот однос се смета за заснован од денот на склучување на договорот за јавна набавка, додека временскиот период на важење на задолжителната договорна обврска за секоја претплатничка линија започнува да тече од денот на нејзиното вклучување т.е. активација од страна на Носителот на набавката и тоа во рок од најмногу 30 дена сметано од денот на склучување на договорот за јавна набавка (претплатничкиот договор). Од овој момент започнуваат да важат и сите обврски на Договорниот орган за плаќање на месечната претплата и надоместоците за искористените услуги.

## VII. НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Член 10

Договорниот орган ќе врши исплата на фактурите на Носителот на набавката во рок од 30 дена, од денот на приемот на фактурата во архивата на Договорниот орган на ул."Васил Ѓоргов" бр.43 - Скопје, на банкарска сметка посочена од страна на Носителот на набавката.

Фактурата мора да биде придружена со детална спецификација во која ќе бидат наведени сите надоместоци за комуникацискиот сообраќај остварен од сите претплатнички линии активирани на сметка на Договорниот орган, согласно типовите и обемот на користени услуги.

Услугите кои се вклучени во дефинираните тарифни модели, Носителот на набавката ќе ги фактурира согласно утврдените месечни претплати на тарифните модели. За дополнителни услуги кои не се опфатени со дефинираните тарифни модели, Носителот на набавката ќе наплатува надоместоци за остварен комуникациски сообраќај по цени не повисоки од актуелните цени, утврдени во официјалниот Ценовник за деловни корисници објавен на неговата веб страница.

## VIII. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 11

Овој договорот стапува во сила на денот на потпишување на Договорот од двете договорни страни и важи за период од 24 месеци.

## IX. ПРАВА И ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

Член 12

Носителот на набавката се обврзува во согласност со применливите прописи од оваа област да:

- му обезбеди на договорниот орган добра и квалитетна услуга,
- обезбеди редовна и непрекината јавна фиксна комуникациска услуга и интернет,
- воведе ефикасни постапки и вложи максимални напори за да ја гарантира неповредливоста и доверливоста на комуникациите на договорниот орган, за зачувување на деловните тајни и личните податоци кои се однесуваат на договорниот орган согласно важечките прописи,
- го поддржува договорниот орган со совети и консултации околу изборот на видот на услуги и користење на одредени услуги,
- да постапи по пријава на дефект на претплатничка линија,
- да постапи по приговор за висина на сметка,
- доколку изврши измена на ценовникот согласно својата деловна политика да го извести договорниот орган,
- издава упатства и дава информации на претплатникот за користење на услугите, како и за обврските од претплатничкиот однос,
- е должен да го изврши пренесувањето на телефонските броеви, без прекин на фиксните комуникациски услуги.

Носителот на набавката има право во согласност со применливите прописи од оваа област:

- да засмета законска казнена камата од денот кога договорниот орган западнала во задоцнување со плаќањето на месечната фактура,
- во случај на повреда на одредбите на овој договор, за тоа да го извести носителот на набавката и да му определи разумен рок за исполнување на обврските предвидени со овој договор.

## X. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

Член 13

Со засновање на претплатнички однос, договорниот орган има право во согласност со применливите прописи од оваа област:

- на промена на конфигурација како за зголемување, така и за намалување на бројот на претплатнички линии,
- да избере начин за користење на комуникациски услуги од Фиксна телефонија, согласно усвоената понуда дадена во прилогот на овој договор,
- на приговор против одлуките или активностите на носителот на набавката во врска со пристапот до или обезбедување на услугите.
- да исклучи корисник во еден правец, по претходно писмено барање доставено до носителот на набавката.

Договорниот орган има обврска во согласност со прописи од оваа област да:

- да ги користи комуникациските услуги исклучиво за свои сопствени потреби и согласно нивната намена, да не вознемирува други корисници и да не ја користи за цели спротивни на законот, како и на условите содржани во овој договор,
- да не ги користи комуникациските капацитети, предмет на овој договор, за обезбедување јавни комуникациски услуги на трети лица, спротивно на условите содржани во законот и други правила и прописи и писмен договор со носителот на набавката,
- да го извести носителот на набавката за секоја промена на податоците потребни за склучување на овој договор. За штетите настанати со непочитување на оваа обврска, носителот на набавката не презема никаква одговорност,
- да се воздржува од било какви дејствија кои би ја довеле во опасност или би и нанеле штета на мрежата на носителот на набавката,
- ги почитува упатствата на носителот на набавката во поглед на користењето на услугите.

## XI.ТЕЛЕФОНСКИ ИМЕНИК

Член 14

Договорните страни се согласни договорниот орган дополнително да достави податоци што ќе бидат внесени во Телефонскиот именик и Службата за информации за броеви од Телефонскиот именик кои ги води Давателот на универзална услуга, за да може да дава податоци на заинтересирани страни.

## XII.ЗАБРАНА ЗА КОМЕРЦИЈАЛНА УПОТРЕБА

Член 15

Овој Договор ќе се применува единствено за договорниот орган. Носителот на набавка ги обезбедува услугите само на договорниот орган за негова сопствена употреба. Секоја комерцијална употреба или препродажба на гореспоменатото, нудење на услугите од носителот на набавката на трети страни, индивидуи или правни лица, се забранува.

## XIII.ЗАБРАНА ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ

Член 16

Договорниот орган нема право да ги пренесува условите надвор од постојниот договор, или било кои од неговите права или обврски опфатени овде или коишто произлегуваат од овде, на која било трета страна, без претходна писмена согласност од страна на мобилниот оператор, освен податоците кои договорниот орган мора да ги објави согласно со позитивните прописи кои ги регулираат јавните набавки.

## XIV. ИЗМЕНИ НА ДОГОВОРОТ

Член 17

Договорните страни може да ги изменат и/или дополнат одредбите од овој Договор само спогодбено со склучување Анекс на Договорот, доколку се исполенти условите согласно член 119 од Законот за јавните набвaки.

Договорната страна која бара измени и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Измените и дополнувањата на овој Договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

## XV. РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 18

Договорниот орган може да го раскине договорот, со претходно писмено известување на носителот на набавката, најмалку 30 дена пред датумот на раскинување на договорот, при што е должен да ги изврши сите обврски за плаќање кои ги има кон носителот на набавката, за извршени услуги согласно овој договор.

Член 19

Носителот на набавката може да го раскине договорот, поради неисполнување на обврските на договорниот орган предвидени со овој договор и тоа:

- Доколку јавната комуникациска услуга се користи или е наменета да се користи за цел спротивна на условите од овој договор,
- Доколку договорниот орган ја користи претплатничката услуга за обезбедување на комуникациската услуга на трети лица за надомест, спротивно на условите содржани во законот или други закони или прописи, констатирани од страна на надлежен орган, и без писмен договор со носителот на набавката,
- Со судска одлука за бришење од трговски регистар,
- Во случај на стечај, реорганизација, ликвидација или неликвидност на договорниот орган,
- Доколку носителот на набавката не е во состојба да ги обезбедува услугите поради дејство на Виша сила подолго од 15 дена
- Доколку Договорниот орган не ги плаќа редовно фактурите издадени од страна на Носителот на набавката.

## XVI. ВИША СИЛА

Член 20

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој Договор до кое би дошло заради Виша сила. Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранување на Вишата сила Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

## XVII. ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 21

Овој договор се смета за реализиран, по истекот на неговото времетраење или по искористување на максималната вредност од членот 3 од овој Договор, за што договорниот орган писмено ќе го извести Носителот на набавката најмалку 30 дена пред целосното искористување на вредноста на договорот.

Член 22

За следење на реализацијата на овој договор, Договорниот орган го определува лицето Билјана Деловска, вработена кај Договорниот орган, кој има задача по целосна реализација на договорот, да достави известување за реализиран договор до одделението за јавни набавки.

Член 23

Сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, а кои договорните страни не би можеле да ги решат спогодбено, ќе ги решава Основен Суд Скопје II - Скопје.

Член 24

Овој Договор е составен во 5 (пет) еднакви примероци, од кои 3 (три) за Договорниот орган и 2 (два) за Носителот на набавката.

Договорен орган

**АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Амет Сељмани
Претседател на Комисија за јавна набавка

Марија Петровска
Соработник за јавни набавки

Весна Пешова
Раководител на Сектор за правни и административни работи

Директор
Билјана Јовановска

Носител на набавката

**Друштво за комуникациски услуги А1 МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје**

Директор за деловна продажба
Ренато Дивјак

Друштво за комуникациски услуги
А1 Македонија ДООЕЛ Скопје
31